SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS

ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ

MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија

## Заднина

**„Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“** е Проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и нејзиниот партнер, Националниот младински совет на Македонија (НМСМ).

Проектот цели кон поинклузивни и подемократски изборни процеси раководени од зајакната организација на изборите, кои се одблизу набљудувани од граѓаните. За потребите на Проектот е осмислен трикратен стратегиски приод: 1. Да се изградат капацитетите на изборната администрација што ќе ги спроведува изборите; 2. Да се поддржат преку политички дијалог повеќе политики и партиски програми кои се граѓански ориентирани, како и истражувања и политики засновани на докази; 3. Да се зајакне капацитетот на граѓаните да ги повикаат на одговорност партиите и избраните функционери во однос на нивните ветувања.

Проектот одговара на новопојавените приоритети и текови во политичката и изборната арена, поддржувајќи ги притоа заложбите на државата за евроатлантските интеграции.

За предложените интервенции е потребна политичка волја и посветеност на сите релевантни учесници – институциите, политичките партии, граѓанското општество и гласачите – за да се подобрат однесувањето и капацитетите, како и да се усвојат демократските принципи за учество, инклузија, транспарентност и отчетност.

## Севкупна цел

Демократски и веродостојни изборни процеси со кои се олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите да ги изберат своите претставници и да ги повикаат истите на одговорност.

## Главни исходи

**Резултат 1:** Зајакнати институции спроведуваат фер и ефикасни изборни процеси.

**Клучни активности за Резултат 1:** Работењето на изборната администрација ќе се унапреди преку институционално градење на капацитетите на ДИК со прилагодена поддршка1 и подобрување на знаењата и вештините на изборните тела на пониско ниво (ОИК и ИО)2. Тоа подразбира и воведување на одржливи политики, системи и алатки (вклучувајќи софтвер и

1 ДИК – Државна изборна комисија

2 ОИК – Општински изборни комисии; ИО – избирачки одбори

хардвер), како и водење грижа изборните функционери да се стекнат со знаења, капацитети и ресурси за успешно извршување на своите задолженија.

**Резултат 2:** Внатрешно демократизирани политички партии кои застапуваат граѓански ориентирани политики и изборни програми.

**Клучни активности за Резултат 2:** Политичките партии ќе работат на својата внатрешна демократизација, што ќе доведе до граѓански ориентирани политики и изборни програми. Ќе се осмисли прилагоден приод за секоја политичка партија да ги зголеми своите капацитети и ресурси (ИАЦ3 и младината) со цел дополнително да ги унапредат истражувањата засновани на докази и програмите засновани на политики, кои одговараат на потребите на граѓаните. Во овој резултат спаѓа и политичкиот дијалог, преку кој Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија ќе одигра активна улога со поддршка на организациите коишто го спроведуваат проектот.

**Резултат 3:** Зајакнати граѓани ги повикуваат политичките партии и избраните функционери на одговорност.

**Клучни активности за Резултат 3:** На граѓаните ќе им се даде можност да ги зголемат сопствените капацитети со цел нивните интереси и барања да бидат слушнати. Преку мрежата на т.н. „мобилизатори во заедницата“4, на локалните заедници ќе им бидат презентирани не само на информации, туку и можности да научат за изборите, кандидатите и нивните програми, да стапат во интеракција со државните функционери преку најразлични информативни материјали, состаноци во општинските совети, наменските платформи, социјалните медиуми и др. Проектот ќе развие механизми за ГО5 и граѓаните да ги набљудуваат изборните ветувања на политичките партии и нивното работење.

**Корисници**

**Изборната администрација на трите нивоа,** која се состои од **ДИК**, **80 ОИК** и Изборната комисија на градот Скопје и околу **3.500 ИО** ќе бидат директната целна група засегната со Проектот преку обуки, подучување и спроведување на политики. Корисници на Проектот ќе бидат и политичките партии. Сепак, главните корисници се гласачите, граѓаните на Северна Македонија, особено **младите, жените и ранливите групи,** кои ќе имаат корист од

---

3 Истражувачко-аналитички центри

4 Мобилизатори во заедницата се активисти на граѓанските организации, медиумите, младината или активни граѓани од заедниците кои ќе се изберат преку отворен повик. Тие ќе поминат обуки за надградба на своите капацитети за дополнително да ги развијат своите вештини за јавно учество, застапување, набљудување на партиските платформи и владината изведба, и интеракција со избраните претставници.

5 Граѓански организации (организации на граѓанското општество)

зголемената инклузија во политичките и изборните процеси, како и од зголемата освестеност за нивните потреби, предизвици и пречки во однос на изборните процеси.

Покрај изборната администрација, Проектот е насочен и кон неколку клучни засегнати страни во изборниот процес, заради подобрување на нивното знаење и разбирање на изборниот процес и меѓународните добри практики. Тука спаѓаат:

- владините органи, како што се Министерството за информатичко општество и администрација; Агенцијата за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; Државниот завод за статистика; Народниот правобранител; Државен завод за ревизија; Министерство за внатрешни работи; Министерство за правда и др.
- политичките партии;
- граѓанските организации;
- гласачите и граѓаните.

**Родови прашања и владење:** Проектот ќе одговори на националните стратегии и политики[6] насочени кон обезбедување на балансирана родова застапеност на сите нивоа и во сите аспекти на спроведувањето. Меѓу другото, Проектот ќе даде поддршка да се преосмисли процесот на кандидирање и ќе ја унапреди еднаквата родова застапеност. Исто така, ќе помогне во препознавање и решавање на техничките пречки кои го подриваат учеството на жените во политичките и изборните процеси. ГО ќе бидат поддржани со цел да ги зголемат своите капацитети за набљудување и застапување, заради поголема еднаквост во општеството.

Со оглед на чувствителните политички и меѓуетнички односи во земјата, Проектот ќе ги поддржи политичките учесници и носители на одлуки во нивните заложби кон зголемена меѓуетничка кохезија и ќе промовира мерки за подобра социјална инклузија на најранливите групи на граѓани.

**Одржливост:** Предложената интервенција има за цел да создаде одржливи политики, алатки и системи кои ќе придонесат кон зголемено знаење, капацитети и ресурси на клучните засегнати страни заради подобрување на нивното функционирање. Непосредните ‘продукти’ на Проектот, како и зајакнатите ресурси и вештини, ќе останат кај целната група. Покрај тоа, промената во однесувањето и уверувањата ќе обезбеди трајност и одржливост на резултатите на Проектот.

6 Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, нацрт Националниот акциски план за родова еднаквост, Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество, Националната стратегија за младите и Националната стратегија за изедначување на правата на луѓето со попреченост

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Интервенциите, исто така, подразбираат и создавање на мрежа на мобилизатори во заедницата ширум земјата, кои ќе придонесат за одржливоста на резултатите. Знаењето и алатките осмислени за потребите на истражувањата засновани на докази и партиските програми засновани на политики ќе се вградат во ИАЦ на политичките партии. Формалното вградување на политиките, алатките и системите ќе се разгледува во подоцнежната фаза со релевантните државни институции и универзитети заради обезбедување поширок опсег на образовни модули и материјали што ќе се користат како наставни материјали.

## Период на спроведување

Проектот за изборните реформи ќе се спроведува во период од 10 години, почнувајќи од јули 2019 година до јуни 2029 година.

**Главната фаза 1** ќе се одвива во периодот **јули 2019 – јуни 2023 година**. Активностите опишани погоре се однесуваат на оваа фаза.

Главната фаза 2 се планира да се спроведува во периодот 2023-2027, по што ќе следи Излезна фаза, која ќе трае до 2029 година.

---

**За ИФЕС:** Основана во 1987 година, ИФЕС претставува непартиска организација посветена на зајакнување на автентични и транспарентни политички и изборни процеси во земјите ширум светот. Во Северна Македонија, ИФЕС сеопфатно соработува со Државната изборна комисија уште од 2016 година, придонесувајќи за унапредувањето и консолидирањето на спроведувањето на изборните процеси.

**За НМСМ:** Основан во 2013 година, НМСМ обединува 48 организации коишто се застапуваат за младинските права во јавниот, политичкиот, културниот и деловниот живот. НМСМ ги претставува младите луѓе без оглед на нивниот социоекономски статус, род, раса, етничко/културно потекло, политички или верски уверувања, сексуалната ориентација, родов идентитет или други разлики. Разновидното членство на НМСМ здружува организации кои делуваат на европско, национално и локално ниво.